ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 04-5164/1
09 10 2023 год. viti
СКОПЈЕ-SHKUP

ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА - СКОПЈЕ
NP RRUGË DHE RRUGICA - SHKUP
Адреса: / Adresë: Ул. Коле Неделковски бр. 38 Rr. Kole Nedelkovski nr. 38 www.uip.gov.mk

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавни претпријатија, член 3 став 1 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекција за вработување и унапредување, како и начинот на бодување на даватели на јавни услуги во ЈП Улици и патишта – Скопје бр. 04-510/1 од 14.02.2022 година и член 31 став 1 точка 15 од Статутот на ЈП Улици и патишта – Скопје, а согласно Годишниот план за вработување во 2023 година, на ЈП Улици и патишта – Скопје бр. 04-4629/1 од 26.08.2022 година, в.д Директорот на ЈП улици и патишта – Скопје, донесе:

О Д Л У К А

За утврдување на потреба за вработување на даватели на јавна услуга во областа комунални дејности и други дејности, заради кои се основани јавните претпријатија од група III подгрупа 5 на неопределено време

Член 1

Се утврдува потреба за вработување на даватели на јавна услуга во областа комунални дејности и други дејности, заради кои се основани јавните претпријатија од група III подгрупа 5 на неопределено време, за следниве работни места:

1. 15. КДР0305Б03040 Возач на влекач и специјално возило.....1 извршител во одделение за експлоатација и регистрација на возила и градежни машини, Сектор за механизација;

2. 42.Помошен работник - ПК Работник.....2 извршители Во одделение за Асфалтна база, Сектор за механизација;

3 53. КДР0305В02029 Помошен работник - ПК Работник..... 2 извршители Во одделение за одржување, изградба и реконструкција на Сообраќајници, Сектор одржување и изградба на сообраќајници;

4. 54. КДР0305З02034 НК Работник.....3 извршители Во одделение за одржување, изградба и реконструкција на Сообраќајници, Сектор одржување и изградба на сообраќајници

Член 2

Потребата за засновање на работен однос за работните места од член 1 во оваа Одлука, даватели на услуги е дефицитот на работници од оваа категорија на работни места односно струки кои се потребни заради извршување на основната дејност на јавното претпријатие.

Јавно претпријатие
УЛИЦИ И ПАТИШТА - Скопје
Ndërmarrje publike
RRUGË DHE RRUGICA - Shkup
ул. Коле Неделковски бр. 38 - Скопје
Rr. Kole Nedelkovski nr. 38 - Shkup
(+389) 2 3162 317
www.uip.gov.mk
info@uip.gov.mk

Јавниот оглас за вработување на даватели на јавна услуга да се објави во најмалку три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македноскиот јазик.
Времетраењето на јавниот оглас е 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на неговото објавување во дневните весници.

Член 3

За реализирањето на Одлуката се задолжува одделението за управување со човечки ресурси.

Член 4

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Д-но:
- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Архива;

Изготвил/ Përpiloi
Марина Давчевска
Контролирал/Kontrolloi
Согласен/Lejoi

в.д Директор/ u.d.Drejtor

m-r Qamil Kovaçi

Јавно претпријатие
УЛИЦИ И ПАТИШТА - Skopje
Ndërmarrja publike
RRUGË DHE RRUGICA - Shkup
Ул. Коле Неделковски бр. 38 - Скопје
Br. Kole Nedelkovski nr. 38 - Shkup
(+389) 2 3162 317
www.uip.gov.mk
info@uip.gov.mk